**ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА „РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ 2007 – 2013“**

# ПРОЕКТИ ЗА ПОЕФЕКТИВНИ ПОЛИТИКИ И ЈАВНИ СЕРВИСИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

**јуни 2013**

ПОНАТАМОШНА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 3

ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНАТА ПОЛИТИКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ 4

ПОТТИКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И ИНКЛУЗИВЕН ПАЗАР НА ТРУД 5

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ЖЕНИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ, СО ПОСЕБЕН ФОКУС НА ЖЕНИТЕ ОД ЕТНИЧКИТЕ МАЛЦИНСТВА 6

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА РЕЛЕВАНТНИТЕ АКТЕРИ ЗА СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО 7

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА РЕЛЕВАНТНИТЕ АКТЕРИ ЗА СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО (ФАЗА 2) 8

ПОДДРШКА ЗА ПОДГОТОВКА НА ЗЕМЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЕВРОПСКИОТ СОЦИЈАЛЕН ФОНД ПРЕКУ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИПА КОМПОНЕНТАТА – РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ 9

## ПОНАТАМОШНА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Со проектот се модернизира начинот на работа и содржината на услугите за невработените и за работодавачите.

Изработени се предлози за поедноставување на дел од процесите во АВРМ (на пример, за евиденција на слободни работни места, пресметка и исплата на паричниот надоместок за невработеност, обезбедување на податоци за невработените лица по службена должност, итн.) и за подобрување на начинот на планирање, следење и известување на активностите на Агенцијата.

Се организираа преку 15 обуки за вработените во Агенцијата за вработување на 8 различни теми (курсеви), како на пример советување при вработување и индивидуални планови за вработување, кариерно советување при вработување, управување со индикатори, комуникација со клиентите, напредни курсеви по англиски јазик.

| | |
|---|---|
| Времетраење: | јануари 2012 – октомври 2013 |
| Вкупен буџет: | 1 375 500 евра |
| ИПА: | 1 169 175 евра |
| Корисник на проектот: | Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ) |
| Организација што го спроведува проектот: | Archidata SRL (Италија) |

## ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНАТА ПОЛИТИКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Имплементацијата на проектот резултираше со градење на капацитети за предвидување и анализа на движењата на пазарот на труд во Министерството за труд и социјална политика. Подобрени се и капацитетите и вештините на останатите релевантни институции, органи и социјални партнери, за следење и евалуација на програмите и политиките за вработување.

Дизајниран е систем на долгорочно предвидување на пазарот на трудот во Република Македонија (т.н. HERMAC модел) и направени се првични проекции на пазарот на трудот. Се организираа серија обуки за вработените во одделението за пазар на труд во МТСП за развој на нивните вештини за економетриско моделирање, заради креирање поадекватни политики и мерки.

Се разработија елементите на системот за мониторинг и евалуација на политиките за вработување. Се развија индикатори за мерките од Националниот акциски план за вработување 2011-2013 година (НАПВ). Спроведени се обуки на вработените во МТСП, Министерството за образование и наука и др. институции за пресметка на индикаторите од НАПВ и за оценка на политиките.

| | |
|---|---|
| Времетраење: | септември 2011 – јуни 2013 |
| Вкупен буџет: | 1 806 295 евра |
| ИПА: | 1 535 351 евра |
| Корисник на проектот: | Министерството за труд и социјална политика |
| Организација што го спроведува проектот: | Агенцијата за Европска интеграција, Австрија |

## ПОТТИКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И ИНКЛУЗИВЕН ПАЗАР НА ТРУД

Проектот треба да го подобри квалитетот на услугите на пазарот на трудот и на социјалните услуги, наменети за лицата во неповолна положба на пазарот на трудот, по пат на градење на капацитетите и вештините на сите релевантни институции (Министерството за труд и социјална политика, центрите за социјална работа, Агенцијата за вработување итн.), подобрување на меѓу-институционалната и меѓусекторската соработка и преку воведување на иновативни модели на услуги.

Согласно со развиената Програма за обука која содржи 8 модули, се спроведуваат обуки за работа со ранливите групи, работна терапија, основи на социјалната економија, разработка на бизнис план и воспоставување на локални партнерства. Обуките ги таргетираат стручните работници од Министерството за труд и социјална политика, центрите за социјална работа, Агенцијата и центрите вработување, здруженија на граѓани. Заклучно со 12.6.2013 одржани се 44 обуки од планираните 51 обука. Со обуките се опфатени 287 лица.

| | |
|---|---|
| Времетраење: | декември 2011 – август 2013 |
| Вкупен буџет: | 1 462 950 евра |
| ИПА: | 1 243 507евра |
| Корисник на проектот: | Министерството за труд и социјална политика, центрите за социјална работа, Институтот за социјална политика, Заводот за социјални дејности, Агенцијата за вработување на РМ, установите за згрижување и сл;<br><br>Единиците за локална самоуправа, Здружението на единиците за локална самоуправа (ЗЕЛС);<br><br>Невладините организации, здруженијата на луѓе со хендикеп |
| Организација што го спроведува проектот: | BIT Group, Австрија |
| Веб страница на проектот: | http://www.facebook.com/pages/Fostering-Social-Inclusion-and-Inclusive-labour-Market/137530569737101?ref=ts&fref=ts |
| Документарен филм: | http://www.youtube.com/user/FosteringSI |

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ЖЕНИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ, СО ПОСЕБЕН ФОКУС НА ЖЕНИТЕ ОД ЕТНИЧКИТЕ МАЛЦИНСТВА

Проектот е насочен кон зајакнување на капацитетите и меѓусебната соработка на релевантните институции за интеграција на маргинализираните жени на пазарот на трудот, со посебен фокус на жените од немнозинските етнички групи.

Проектот се имплементира преку следниве три активности: собирање на податоци и проценка на состојбата на жените на пазарот на трудот; обука на релевантните институции и организации и развој на соработката меѓу релевантите институции и организации.

| | |
|---|---|
| Времетраење: | декември 2011 – август 2013 |
| Вкупен буџет: | 477 850  евра |
| ИПА: | 406 173 евра |
| Корисник на проектот: | Министерството за труд и социјална политика, центрите за социјална работа, Институтот за социјална политика, Заводот за социјални дејности, Агенцијата за вработување на РМ, установите за згрижување и сл.;<br><br>Единиците за локална самоуправа, Здружението на единиците за локална самоуправа (ЗЕЛС);<br><br>Невладините организации, здруженијата на луѓе со хендикеп |
| Организација што го спроведува проектот: | WYG International Limited од Велика Британија |

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА РЕЛЕВАНТНИТЕ АКТЕРИ ЗА СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО

Проектот обезбеди обуки на повеќе од 220 лица од невладиниот сектор, како и од единиците на локалната самоуправа за подготовка и спроведување на проектите во областа на социјалната инклузија. 180 учесници добија сертификат за успешно завршен циклус на обуки и постигнато солидно ниво на знаење и вештини.

| | |
|---|---|
| Времетраење: | ноември 2011 – јануари 2013 |
| Вкупен буџет: | 149 759 евра |
| ИПА: | 127 295 евра |
| Корисник на проектот: | Министерството за труд и социјална политика, центрите за социјална работа<br><br>Единиците за локална самоуправа,<br><br>Невладините организации |
| Организација што го спроведува проектот: | Cambridge Education, Велика Британија |
| Веб страница на проектот | https://www.facebook.com/empoweringrelevantactors |

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА РЕЛЕВАНТНИТЕ АКТЕРИ ЗА СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО (ФАЗА 2)

Претставници од граѓанските организации, локалната самоуправа и останатите релевантни актери во земјата ќе бидат обучени за подготовка и спроведување на проекти во областа на социјалната инклузија, согласно со стандардите и правилата на Европската унија. Во рамките на проектот планирано е да бидат обучени вкупно 220 стручни лица.

| | |
|---|---|
| Времетраење: | март 2013 – март 2014 |
| Вкупен буџет: | 179 500 евра |
| ИПА: | 152 575 евра |
| Корисник на проектот: | Министерството за труд и социјална политика, центрите за социјална работа<br><br>Единиците за локална самоуправа,<br><br>Невладините организации |
| Организација што го спроведува проектот: | Ace International Consultants, Шпанија |
| Веб страница на проектот | https://www.facebook.com/empoweringrelevantactors |

## ПОДДРШКА ЗА ПОДГОТОВКА НА ЗЕМЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЕВРОПСКИОТ СОЦИЈАЛЕН ФОНД ПРЕКУ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИПА КОМПОНЕНТАТА – РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

Главната цел на Твининг проектот е постигнување на ефикасна имплементација, следење и евалуација на Оперативната програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013“, како и зајакнување на административните капацитети на Оперативната структура (вработените од ИПА структурите од Секторот за централно финансирање и склучување на договори - Министерство за финансии, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование) во Република Македонија, за поефективно и поефикасно спроведување на проектите финансирани од Европската унија во областите вработување, социјална инклузија, образование и обука.

| | |
|---|---|
| Времетраење: | јануари 2011 – март 2012 |
| Вкупен буџет: | 700 000 евра |
| ИПА: | 595 000 евра |
| Корисник на проектот: | Министерството за труд и социјална политика<br>Министерството за образование<br>Секторот за централно финансирање и склучување на договори - Министерство за финансии |
| Организација што го спроведува проектот: | Секторот за регионален развој, Министерството за вработување и економија, Финска |